**ВЕЧЕР...прв дознава**
09.03.2012.годинe
**ПО ДЕВЕТ ГОДИНИ НА ИСТО МЕСТО**

# Легенде ги разнежнија срцата на скопјанки



Легенде затсиноќа во Универзална сала ја воодушевија македонската публика. По девет години Иван Милинковиќ, Лазар Марин, Зоран Дашиќ, Перо Крзнаниќ, Желимир Васиќ и Предраг Стојковиќ застанаа на скопската сцена и го направија поубав Денот на жените. На незаборавниот концертот во нешто повеќе од два часа составот кој датира од 1988 година преку песна ја прераскажа кариерата.

"Реци дал је то љубав","Не питај", "Како да те избришем", "Најлепша грешка", "И да те неволим", "Сјај од пламена", "Ноќас", "Моја си", "А могли смо све", "Четрдесете", "Чежња", "Еј младости"... се сингловите кои беа дел од репертоарот на Легенде.



"Ова е наша осумнаестта концертна сезона и славиме 25 години од издавањето на првиот албум "Доѓи друже". Драга публико жал ни е што девет години не сме застанале пред вас, но со ова што ќе ви го понудиме вечерва ќе се обидеме да ја поправиме грешката. Нема да дозволиме повеќе да се случи ваква голема пауза", вака ги поздравија Легенде желните за нивната песна. А дека задоволството беше заемно покажа и публиката, во која побројни беа припадничките на понежниот пол, и која не остави ниту една песна да помине без овации, хорско пеење...

Легенде во Скопје дојдоа благодарение на брачната музичка двојка - Силви и Влатко Плевнеш, а по метрополата, според даденото ветување, во убавите песни на составот и фантастичниот глас на Иван ќе можат да уживаат и нивните фанови во земјата.

(Ан.Ѓ.)
Фото: Д. Митрески